СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ!

# СЛУЖБЕНИ СООПШТЕНИЈА

## на Планската комисија на Н. Р. М.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ И ЦЕНИ

Бр. 5 — Скопје, среда 18 јуни 1947 год. — Год. I

## 38

Врз основа чл. 7 од Уредбата за определување и контрола на цени, а за да се правилно регулират цените на јадењата во гостилниците и ресторантите како и леглата во хотелите, преноќиштата и хановите, Планската комисија на НР Македонија го донесуе следното

### РЕШЕНИЕ Бр 6

За овластуење на народните одбори да ги нормират цените за јадењата и леглата.

1. Се возложуе на градските односно околиските народни одбори да ги нормират цените на јадењата во гостилниците и ресторантите, како и цените на леглата во хотелите, преноќиштата и хановите.

2. Елементите за калкулирање ке бидат земени од Напатствието на Министерството на трговијата и снабдуењето Бр. 3901 од 3.III.1947 год, во кое е опширно образложено како ке се прават калкулациите за цените на јадењата и леглата.

3. Овоа Решение влегуе во сила од денеска.

Бр. 3148 — ПЛАНСКА КОМИСИЈА НА Н.Р.М.
29.V.1947 — ПОДПРЕТСЕДАТЕЛ
Скопје — Инж. Б. Шикич с. р.

## 39

По укажаната потреба, а на предлог на Градското претпријатие за месо и млеко „ШАР"—Скопје, Планската комисија на НР Македонија го дава следното

### АУТЕНТИЧНО ТУМАЧЕЊЕ

1. Решението на Земскиот уред за цени бр. 15 од 5 април 1947 г. објавено во „Службени соопштенија на Земскиот уред за цени" бр. 3 од 23 април 1947 г.) ке се смета да и влегло во сила на 5 април 1947 г. на која дата е истото донесено и соопштено на Министерството за трговијата и снабдуењето — Управата за откуп на земјоделски произведенија, а које поради технички причини не можело да се објави во оделното издание на „Службен весник на НР Маекдонија" — „Службени соопштенија на Земскиот уред за цени" во определеното време.

2. Овоа Аутентично тумачење да се објави во идниот број на Службените соопштенија на Планската комисија на НРМ — Оделение за финансии и цени.

Бр. 3147 — ПЛАНСКА КОМИСИЈА НА Н.Р.М.
29.V.1947 — ПОДПРЕТСЕДАТЕЛ
Скопје — Инж. Б. Шикич с. р.

## 40

Врз основа на точка 3 буква од Наредбата за откупните цени на белите жита во економската 1947/48 год, издадена на ФНРЈ и со согласи на Сојузниот уред за цени. Планската комисија на НР Македонија ја донесуе следната

### НАРЕДБА

### ЗА ОТКУПНИТЕ ЦЕНИ НА БЕЛИТЕ ЖИТА ВО НР МАКЕДОНИЈА ВО ЕКОНОМСКАТА 1947/48 КАКО НЕЖИТОРОДНО ПОДРАЧИЕ

1. За оние количини жита који производителите се должни да ги предадат во смисол на чл. 12 и 16 од Уредбата за откуп на житата, се определуат за производителите следните откупни цени:

а) пшеница за 100 кгр. — — — — — — дин. 370.
б) р'ж за 100 кгр. — — — — — — — дин. 340.
в) ечмен есенски за 100 кгр. — — — — дин. 320.
г) ечмен пролетен за 100 кгр. — — — — дин. 360.
д) овес за 100 кгр. — — — — — — — дин. 320.

Горните цени се разбират за добро, здраво жито, уобичаен квалитет и хектолитарска тежина со најмногу 2% уродица зрна од други жита и кршени зрна, франко откупен пункт.

2. Во житото се допушта да има најмногу до 10% уродица примеси од други жита:

а) за секој полн процент преку 2% уродица ке се намалуе откупната цена за 1%.

б) за секој полн процент нечистотија во житото (песок камен, земја, плева и др. ке се намалуе откупната цена за 2%.

в) за поголема нечистотија во житото (избербатено жито и жито со појаки мирис) ке се намалуе откупната цена до 5% од откупните цени.

г) за секој полн процент оштетени зрна, кое се утврдуе со броење, ке се намалуе откупната цена за ½%.

3. За селективно семе, наменето за сеење, се определуат цени за 30% повисоки од определените цени со точка 1 од оваа Наредба, од кое 10% се признава за чигота на сортата и 20% за чистење за семенска стока.

Под селективно семе се разбира жито приготвено за сеење со механичко чистење, сортирање и запрашуење.

4. За вишковите, со кој согласно Чл. 3 од Уредбата за откуп на житата земјоделците можат слободно да располагаат, се определуат следните премии врху откупните цени од точка 1 од оваа Наредба:

а) ако земјоделецот унапред договори, (контрахира) или понуди на откупните претпријатија (од државниот откупен апарат) слободни вишкови во вкупниот износ до 20% од онаа количина која е задолжен да ја предаде на државата согласно чл. 12 односно чл. 16 од Уредбата за откуп на житата, откупните цени од точка 1 од оваа Наредба се уголемуат со премија од дин. 0,30 за 1 кгр. за целата количина на продадените слободни вишкови.

б) ако земјоделецот унапред договори (контрахира) или понуди на откупните предпријатија (од државниот откупен апарат) слободни вишкови во вкупниот износ до 50% од онаа количина која е задолжен да ја предаде на

државата согласно чл. 12 односно чл. 16 од Уредбата за откуп на житата, откупните цени од точка 1 од оваа На редба се уголемуат со премија од дин. 0,45 за 1 кгр. за целата количина на предадените слободни вишкови.

в) ако земјоделецот унапред договори (контрахира) или понуди на откупните предпријатија (од државниот откупен апарат) слободни вишкови во вкупен износ преку 50% од онаа количина која е задолжен да ја предаде на државата согласно чл. 12 односно чл. 16 од Уредбата за откуп на житата, откупните цени од точка 1 од оваа На редба се уголемуат со премија од дин. 0,70 за 1 кгр, за целата количина на предадените слободни вишкови.

д) ако земјоделецот унапред договори (контрахира) или понуди на откупните предпријатија (од државниот откупен апарат) слободни вишкови во износ кој е поголем од онаа количина која е задолжен да ја предаде на државата согласно чл. 12 одн сно чл. 16 ор Уредбата за откуп на житата откупните цени од точка 1 од оваа На- редба се уголемуат со премија од дин. 0,75 за 1 кгр. и тоа како за количините који се предадени како слободни вишкови така и за количините који се предадени за задолжителниот откуп.

5. За испорака на слободни вишкови кој земјоделецот ги унапред договори (контрахира) со државните откупни предпријатија, државните откупни предпријатија ке му исплатат како аванс до 40% од износот што му припагја за унапред договорените (контрахираните) количини на слободни вишкови.

6. Оваа Наредба влегуе во сила од денеска.

Претседател
ПЛАНСКА КОМИСИЈА НА Н. Р. М.
К. Миљовски

Бр. 3052
27 мај 1947 год.
Скопје.

**44**

**На основание Чл. 7 од Уредбата за одредуење и контрола на цените, Планската комисија на Н.Р. Македонија, го донесуе следното:**

# РЕШЕНИЕ Бр. 4
# За единствени малопродажни цени за фитил за свеки бр. 2.

| Ред. Бр. | ПРОИЗВЕДЕНИЈА | Един. мера | Цена на мало | Пром. данок | | Даночна основа | Републик. разлика | Рабат во трговијата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Тар. бр. | % | | | |
| 1. | Фитил за свеки | 100 м. | 36 | 286 | 32% | Цена на мало | 0,19 | 10% |

Бр. 43
21. V. 1947
Скопје

Планска комисија
ПРЕТСЕДАТЕЛ
К. Миљовски

**41**

На основание Чл. 7 од Уредбата за одредуење и контрола на цените а по молба на Фабриката за алкохолни напитки „ТИКВЕШ", Планската комисија на НР Македонија — Одделение за финансији и цени го донесуе следното

РЕЕШЕНИЕ Бр. 3

за пресметната цена на квалитетните вина производство на фабриката „ТИКВЕШ".

Чл. 1.—

1. Белите вина „Кавадарски килибар" и „Демир-капијски килибар" како квалитетни вина се уврстуат во I група I подгрупа од Решението на Сојузниот уред за цени II Бр. 25440/3082 од 15.X.1946 год, и ке се пресметнуат по односните пресметни цени.

2. Белите вина „Валандовски килибар" и „Гевгелиски килибар" и црно вино „Кавадарска станушина" како квалитет се уврстуат во I група II подгрупа о Решението на Сојузниот уред за цени II Бр. 25440/3082 од 15.X.1946 год. и ке се пресметнуат по односните пресметни цени.

Чл. 2.—

Оваа Решение влегуе во сила од денеска.

Бр. 1642
21.V.1947 г.
Скопје

ПЛАНСКА КОМИСИЈА НА Н.Р.М.
ПРЕТСЕДАТЕЛ
К. Миљовски с. р.

**42**

Во врска со барањето на Земската управа за прехранбената индустрија да се определат цените на прешните за индустријска преработка во компот наменен за извоз, Планската комисија на НР Македонија — Одделение за финансији и цени ги одредуе следните малопродажни цени на прешните:

Во Штип за 1 кгр. дин. 8,50

Во останалите места на НР Македонија за 1 кгр. 9 дин.

Бр. 2761
17 V 1947
Скопје

ПЛАНСКА КОМИСИЈА НА Н. Р. М.
ПРЕТСЕДАТЕЛ
К. Миљовски с. р.

43

# ЕДИНИЧНИ ОДОБРЕНИЈА

1. — На браварската работилница „Рапид"—Скопје за
Едно парче сандалски токи Дин. — — — — 0,50.
Еден чифт бурлумци № 4 Дин. — — — — 1,25
Еден чифт бурлумуци № 5 Дин. — — — — 1,50
Еден чифт бурлумуци № 6 Дин. — — — — 0,50
Еден чифт бурлумуци № 4 Дин. — — — — — 1.
Еден чифт бурлумуци № 2 Дин. — — — — 0,50

Во горните цени се вклучени сите јавни дажбини па кои изрез на промет по Тар. бр. 585 (точ. 2-25 за сандал скиге токи а за останалите бурмулци по Тар. бр. 526) точ. 5-15% Цената се разбира во продажба на едро.

Бр. 1268 од 7.V.1947 год.

2. — На Мојсо Крстев — книжар — Скопје за:

Закупнина на пијано за 1 месец Дин. 143 — вклучително прометниот данок од 4%.

Со определуењето на горната цена се анулират сите до сега издадени решенија во врска со закупот на пијаното.

Бр. 1682 од 14.V.1947 год.

## На Претпријатието за кожни изделија „Колектив" — Скопје

| Ред. бр. | ПРОИЗВЕДЕНИЈА | Единична мера | Продажна цена на дребно | Порез на промет Тар. бр | Порез на промет % | Собир. рачун | Републ. разлика | Рабат во трговија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кондуктерски чанти | 1 ком. | 821.— | 350 15 | 18 | — | 0,70 | 10 |
| 2 | Работнички алишта од. нетип. арт. шир. 80 см. | 1 пар. | 502.— | 356 3а | 15 | — | 0,73 | 9% |
| 3 | Работнички алишта од нетипизиран артикал ширина 140 см. | 1 пар. | 526.— | 356 3а | 15 | — | 1,23 | 9% |
| 4 | Работнички панталони арт 150 нетипизирано за конфекција | 1 ком. | 288.— | 356 3а | 15 | — | 0,61 | 9% |
| 5 | Работнички пантолони арт. 152 за конфекција | 1 ком. | 268.— | 356/5а | 15 | — | 0.20 | 9% |

1.-Бр. 1649 од 13. V. 1947 год.; 2-5 Бр. 44 од 14. V. 1947 год.

## На Гоша Трајковски — везачка работилница ул. Белградска бр. 52 Скопје

| Ред. бр. | ПРОИЗВЕДЕНИЈА | Един. мера | прод. цена | Порез на промет — на производ. Тар. бр. | на производ. % | на направената услуга Тар. бр. | на направената услуга % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | За изработуене на републикански, синдикални и младински грбови на знамиња, во пречник 28-32 см ........ | 1 к. | 103.— | — | — | Тар.Бр 13 | 4% |
| 2 | За изработуење на слова на разни знамиња ..................... | 1 сл. | 0,80 | — | — | " | 4% |

Горните цени се разбират заједно со свилен конец без материјал за знамето.

Бр. 2931
2. VI. 1947
Скопје

**На Стојан Трајковски ул. „114" бр. 10 — Скопје**

| Ред. Бр. | ПРОИЗВЕДЕНИЈА | Един. мера | Продај. цена | Порез на промет | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на производ. | | на направени услуги | |
| | | | | Тар. бр. | % | Тар. бр. | % |
| 1 | Ортома изработена од сицим | 1 кгр. | 140,50 | 303/3 | 14% | Тар. Бр. 13 | 4% |

Бр. 1678
2. VI. 1947
Скопје

**На Димитар Васиљев ул. 386 бр. 41 — Скопје**

| Редни број | ПРОИЗВЕДЕНИЕ | Ед мер. | прод. цена | ПОРЕЗ НА ПРОМЕТ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на производ. | | на направена услуга | |
| | | | | Тар. бр. | % | Тар. бр. | % |
| 1. | ОРМАН- од парена буковина и шпер плоча за архива размер 120x180x54, со 1 средна преграда и со 8 полици. | 1. к | 4.296.— | 432/а | 14% | Тар. б 13. | 4% |

# ИСПРАВКИ

1. — Службени соопштенија на ЗУЦ — Бр. 4, стр. 4 под бр. 37 на Предпријатието за кожни изделија „Колектив" — Скопје за неговите произведенија се определени следните цени: под редни бр. 1 четврта графа стоји: 105 и седма 0,44, а треба да стоји: четврта 117 и седма 0,77; под ред. бр. 3, седма графа стоји 1,71, а треба да стоји 0,73; под ред. бр. 11, графа седма стоји 0,51, а треба да стоји 0,57; под ред. бр. 15, седма графа стоји 0,85, а треба да стоји 0,75.

Бр. 1196 од 28 мај 1947 год.

Планска комисија на Н. Р. М. — Одделение за финансии и цени

# СОДРЖАЈ

38. Решение бр. 6 за овластување на народните одбори да ги формираат цените на јадењата и легла. 1
39. Автентично тумачење 1
40. Наредба за откупните цени на белите жита во НРМ во економската 1947-1948 год. како нежитородно подрачие. 1—2
41. Решение бр. 3 за пресметната цена на квалитетните вина производство на Ф/ката „Тиквеш" 2
42. Цени за црешни 2
44. Решение за цени на фитил за свеќи бр. 2 2
43. Единични одобрения 3—4

Издава: Редакција „Службен весник на НРМ" — Редакција на Планска комисија на НРМ — Одделение за финансии и цени — Печата — Печатница „Гоце Делчев" — Скопје.